**Институт на сметководители и овластени сметководители**
*Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,*
*Скопје, Република Македонија*

# Концептуални предлози за регулација на сметководствената професија

***Законска регулирација на сметководствената професија (не на вршење на сметководствени работи) со фокус на контрола на квалитетот на работењето***

Целта на законската регулација на сметководствената професија е нејзино подигнување на соодветно повисоко ниво, преку прецизни правила и критериуми на пазарот за давање на сметководствени услуги како и утврдување на минимални надоместоци за вршење на книговодствени услуги кои ќе влијаат на зголемување на квалитетот на подготовка на финансиски извештаи и заштита на сметководителите од една и клиентите од друга страна.

***Утврдување на правила и процедури за користење на можностите на ИТ Технологијата во работењето на Институтот на сметководители.***

Предлагаме законот да содржи одредби со кои изборот на органите на управување, одржувањето на седници, состаноци, семинари, конференции, спроведување на контиунирано професионално усовршување освен со физичко присуство да може да се спроведува и преку интернет алатки и веб платформи како Zoom, Google Meet и слично.

***Регулација на собработка и поврзаност на Институтот на сметководители и овластени сметководители со Управата на јавни приходи и Централниот регистар.***

Сметаме дека неопходно е да се утврди должност на Институтот на сметководители и овластени сметководители, најмалку два пати во текот на годината, да доставува податоци за упис на сметководители и овластени сметководители од Регистарот на сметководители и овластени сметководители до Управата за јавни приходи и Централниот регистар, заради потребите на доставување на финансиските извештаи и годишните сметки од страна на обврзниците за водење на сметководство. Целта на потребата од ваква регулација е избегнување на честата појава на упис на сметководители и овластени сметководители непосредно пред поднесување на завршни сметки и нивно бришење по поднесување на истите. Воедно, на овој начин јасно ќе може да се определи периодот на настанување на обврската за КПУ.

***Разграничување на времено и трајно бришење од Регистарот на сметководители односно Регистарот на овластени сметководители***

Предлагаме прецизно утврдување во кои ситуации се врши трајно бришење, а кои се основ за времено бришење од сооствениот регистар, со јасно утврдена постапка, издавање на правен акт (решение) и можност за правен лек по решението.

**Ограничување на правото на поднесување само на едно барање за стекнување на уверение за сметководител/овластен сметководител**

Согласно досегашното искуство, честа појава во пракса е кога едно лице поднесува барање и стекнува уверение за сметководител/овластен сметководител кое претпоставуваме го користи за одредени потреби, но не се упишува во соодветниот регистар. Откако ќе измине законскиот рок за упис во регистарот, лицето го губи уверението па при следна потреба повторно поднесува ново барање и се стекнува со уверение, со што ги изигрува утврдените законски одреби.

Институт на сметководители

и овластени сметководители

Овластено лице

Lenche Papazovska

Digitally signed by Lenche Papazovska
Date: 2021.03.22 13:59:05 +01'00'